ОПШТИНА БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бр. 08-279/4 од 14.03.2025 год.

Врз основа на член 29 и член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Битола, Глава , Точка , Градоначалникот на Општина Битола, упатува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за организирање на јавна презентација и јавна анкета предлог - **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за формирање на градежни парцели со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 1314, КП 1318, КП 1319/1, КП 1319/2, КП 1320/1, КП 1320/2, КП 1321, КП 1322/2, КП 1324/2, КП 1324/3, КП 1934-дел и КП 2400-дел КО Крклино, м.в. Таирови лозја, Општина Битола,**
плански период 2023-2028

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека Општина Битола организира јавна презентација и јавна анкета за предлог - **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за формирање на градежни парцели со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 1314, КП 1318, КП 1319/1, КП 1319/2, КП 1320/1, КП 1320/2, КП 1321, КП 1322/2, КП 1324/2, КП 1324/3, КП 1934-дел и КП 2400-дел КО Крклино, м.в. Таирови лозја, Општина Битола**.

Границите на планскиот опфат се следните: На североисток границата започнува од точката 1 и се движи кон запад по осовината на локалниот пат се до точка 2 каде ја променува насоката и се движи кон југ по осовината на магистралниот пат А3 се до точка 3, од тука свртува кон исток се до точка 5 каде границата продолжува да се дивижи кон север се до точка 10 каде истата свртува кон исток се до точка 11 каде повторно свртува кон север и се спојува со точка 1. Во своите граници планскиот опфат целосно ги опфаќа парцелите: КП1314, КП1318, КП1319/1, КП1319/2, КП1320/1, КП1320/2, КП1321, КП1322/2, КП1324/2, КП1324/3, КП1934-дел и КП2400-дел, КО Крклино, м.в. Таирови лозја, Општина Битола

Површината на планскиот опфат изнесува 1,14 ха.

Јавната анкета за предлог - **Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за формирање на градежни парцели со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 1314, КП 1318, КП 1319/1, КП 1319/2, КП 1320/1, КП 1320/2, КП 1321, КП 1322/2, КП 1324/2, КП 1324/3, КП 1934-дел и КП 2400-дел КО Крклино, м.в. Таирови лозја, Општина Битола, со технички бр.У-13-1/2021 од Октомври 2024**, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот - во просториите на Општина Битола како и со објавување на планот во системот за е-урбанизам и на службената веб страна на општината. (https://www.bitola.gov.mk/)

**Јавната анкета** ќе трае од 29.03.2025 до 28.04.2025 година, секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот.

Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 16.04.2024 год. (среда) во 10:30 часот, во просториите на Општина Битола (Салата на Советот на Општина Битола).




ОПШТИНА БИТОЛА
Градоначалник:

Тони Коњановски